Врз основа на член 149 став (4) од Законот за здравствена заштита („Службен весник на Република Македонија" бр. 43/12 ), министерот за здравство донесе

# ПРАВИЛНИК ЗА НАЧИНОТ НА ПРЕСМЕТУВАЊЕ НА ПОНДЕРОТ ЗА БОДОВИТЕ ЗА ПРОСЕЧНИОТ УСПЕХ НА КАНДИДАТОТ ПОСТИГНАТ ВО ВИСОКОТО ОБРАЗОВАНИЕ И УСПЕХОТ ПО ПРЕДМЕТОТ ОД ОБЛАСТА ОД КОЈА СЕ ДОДЕЛУВА СПЕЦИЈАЛИЗАЦИЈАТА

Член 1

Со овој правилник се утврдува начинот на пресметување на пондерот на бодовите за просечниот успех на кандидатот постигнат во високото образование и успехот по предметот од областа од која се доделува специјализацијата односно субспецијализацијата при утврдувањето на редоследот на упатување на специјализација односно специјализација на здравствените работници односно здравствените соработници вработени во јавна здравствена установа.

Член 2

Јавната здравствена установа ги пресметува бодовите за селекција на здравствените работници односно здравствените соработници за упатување на специјализација односно субспецијализација (во натамошниот текст: кандидатот) согласно Законот за здравствена заштита, програмата за стручно усовршување на јавната здравствена установа усогласена со четиригодишната програма за потребите од специјалистички и субспецијалистички кадри согласно со мрежата на здравствени установи и овој правилник.

Член 3

При пресметувањето на бодовите по основ на просечниот успех на кандидатот постигнат во високото образование во Република Македонија и по основ на успехот постигнат по предметот во областа од која се доделува специјализацијата односно субспецијализацијата, бодовите за селекција на кандидатот се пресметуваат на тој начин што освоениот вкупен успех на кандидатот постигнат во високото образование во Република Македонија односно успехот постигнат по предметот во областа од која се доделува специјализацијата односно субспецијализацијата се помножува со следните пондери добиени врз основа на последното објавено рангирање на високообразовните установи согласно Законот за високото образование:

- 1 за првата високообразовна установа,
- 0,95 за втората високообразовна установа,
- 0,9 за третата високообразовна установа,
- 0,85 за четвртата високообразовна установа,
- 0,8 за петата високообразовна установа,
- 0,75 за шестата високообразовна установа,
- 0,7 за седмата високообразовна установа,
- 0,65 за осмата високообразовна установа,

- 0,6 за деветата високообразовна установа,
- 0,55 за десеттата високообразовна установа,
- 0,5 за единаесетата високообразовна установа,
- 0,45 за дванаесетата високообразовна установа,
- 0, 4 за тринаесетата високообразовна установа,
- 0,35 за четиринаесетата високообразовна установа,
- 0,3 за петнаесетата високообразовна установа,
- 0,25 за шеснаесетата високообразовна установа,
- 0,2 за седумнаесетата високообразовна установа,
- 0,15 за осумнаесетата високообразовна установа,
- 0, 1 за деветнаесетата високообразовна установа,
-0,05 за дваесетата и следните високообразовни установа.

Во случај кога за еден предмет нема оценување или за кој има само писмено оценување „положил“ или „не положил“, кандидатот добива максимални бодови за успехот по предметот од областа на кое специјализира односно субспецијализира.

За гранките на специјализациите и субспецијализациите за кои нема соодветен предмет во високото образование, како оценка на предмет се зема просечниот успех на кандидатот постигнат во високото образование.

Член 4

За кандидатите кои го стекнале високото образование на високообразовна установа во странство која е рангирана во првите 500 високообразовни установи според последната листа објавена од Институтот за високо образование при Шангајскиот Џио Тонг универзитет или високообразовна установа во земјите членки на Европската унија, просечниот успех на кандидатот постигнат во високото образование и по основ на успехот постигнат по предметот во областа од која се доделува специјализацијата односно субспецијализацијата се множи со пондер 1, а за сите останати високообразовните установи се множи со пондер 0,9.

Член 5

Овој Правилник влегува во сила наредниот ден од денот на неговото донесување.

Бр. 07-5166/1
20-06-2012 2012 година
Скопје

Министер,
Никола Тодоров

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
МИНИСТЕРСТВО ЗА ЗДРАВСТВО
СКОПЈЕ